# ИНСТИТУТ ЗА ЕВРОПСКА ПОЛИТИКА (ЕПИ) - СКОПЈЕ

**РАБОТНА ВЕРЗИЈА**

# АНАЛИЗА НА РАСПОЛОЖЛИВАТА ЕУ ЕКСПЕРТИЗА

# ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**– ПОТЕНЦИЈАЛ, ИСКОРИСТЕНОСТ, ПРЕДИЗВИЦИ, МОЖНОСТИ**

**д-р Малинка Ристевска Јорданова**

**м-р Александар Јованоски**

**24.04.2013, Скопје**

**Издавач:**
Институт за европска политика (ЕПИ) Скопје
Ул. Дебарца бр. 6
1000 Скопје
Република Македонија
contact@epi.org.mk
www.epi.org.mk

**Автори:**
д-р Малинка Ристевска Јорданова, ЕПИ
м-р Александар Јованоски, ЕПИ

British Embassy
Skopje

Анализата на расположливата ЕУ експертиза во Република Македонија е подготвено во рамки на проектот “Вградување на знаењето за ЕУ” поддржан од Британската амбасада во Република Македонија. Содржината на овој документ е одговорност само на авторите и на никој начин не е одраз на погледите Британската амбасада во Република Македонија.

# СОДРЖИНА

Цел на анализата .......... 4

Методолошки пристап .......... 4

Структура на испитаниците .......... 4

**I.Вградување на знаењето за ЕУ** .......... 6

Расположива експертиза по области .......... 6

Експертиза по поглавја на acquis на ЕУ .......... 12

**Причини за губење на постојната експертиза** .......... 14

**Заклучоци:** .......... 16

## Цел на анализата

Цел на оваа анализа е да се утврдат расположивите потенцијали – знаења и вештини за ЕУ во Република Македонија, нивната искористеност, како и потребите за натамошно развивање и користење на експертиза за ЕУ.

Целна група опфатена со анализата беа експерти, кои по 2000 година ги имаат оформено свите постдипломски, специјалистички или докторски студии надвор од Република Македонија.

## Методолошки пристап

При подготовката на анализата се користени:

- Прашалник на членовите на мрежата ЕПИНЕТ преку реализација на ориентационен прашалник,
- Интервјуа со одделни експерти,
- Постојните квалитативни и квантитативни податоци од следењето на процесот на европска интеграција на Инситутот за еворпска политика.

Анализата е концентрирана на страна на „понудата“, односно испитан е расположивиот потенцијал, а помалку на страна на „побарувачката“.

## Структура на испитаниците

Во поглед на староснатa структура, најголем број на анкетираните се помеѓу 31 и 35 години (46%). На возраст до 30 години се 44%, меѓу 36 и 40 години - 8% и меѓу 41 и 45 години – 2%. Структурата е соодветна на целната група на истражувањето - млади експерти. Сепак, најголемиот број испитаници веќе имаат стекнато одредено искуство во процесот.



Табела 1: Структура на испитаниците посред возраст

Според образовната структура, 83% се со завршени постдипломски студии, додека 17% се доктори на науки.




Табела 2 – Образование на членовите на мрежата

Според секторот на тековниот професионален ангажман, најголем број од испитаниците доаѓаат од невладиниот сектор (односно, од тинк тенковите и истражувачките организации во Скопје), и тоа 21 учесник (или 35%). Потоа, 15 учесници (или 25%) се од државниот/јавниот сектор, 11 (или 18%) од академската средина, 7% од приватниот сектор. Ангажирани на проекти и самовработени се 4, односно 6%, 1 во меѓународна организација и 4 невработени (7%). Овие податоци укажуваат дека најголемиот број на експерти се апсорбирани во невладиниот сектор, а потоа во државната служба, како и дека значителна експертиза постои во образовниот сектор. Сепак, овие податоци треба да се земат со резерва, зашто ангажираните во невладиниот сектор во поголема мера подготвени за учество во истражувања и отворен настап од ангажираните во државниот/јавниот сектор.




Табела 3 – Сектор на професионален ангажман -.Испитаниците имаат од 0 до 17 години работно искуство.

Во врска со поврзаноста на тековната работа со политиките на ЕУ (и нивното образование), 81% одговориле дека работата е целосно (37%)  и делумно (44%) поврзана со интеграцијата на РМ во ЕУ. 19% одоговориле дека нивната работа нема никаква врска со процесот на пристапување. И покрај тоа што може да изгледа висок процентот на испитаниците кои одговориле дека нивната работа целосно или делумно е поврзана со ЕУ, згрижувачки е фактот фактот што дури петина од нив не се гледаат како вклучени во процесот.




Табела 4 – Дали работата што моментално ја вршите има врска со европската интеграција на РМ?

# I. Вградување на знаењето за ЕУ

## Расположива експертиза по области

Со цел да се утврдат областите во кои има експертиза, а од друга страна оние области во кои недостасува експертиза, беа класифицирани следниве подрачја на стручност за ЕУ:

- Демократизација/европеизација општо (политички систем и компаративни политички системи, анти-корупција, човекови права, реформа на јавна администрација, реформа на судство, итн.)
- Внатрешен пазар и трговија (слобода надвижењето на добрата, лицата услугите и капиталот, јавни набавки, право на трговски друштва, политика на конкуренција, финансиски услуги, интелектуална сопственост, итн.)
- Економски и финансиски прашања (функционална пазарна економија, финансиска контрола, економска и монетарна политика, итн.)
- Секторски политики на ЕУ (животна средина, земјоделство, транспорт, енергија, кохезиона политика, индустриска политика, информациско општество, заштита на потрошувачите, итн.)
- Правда, слобода и безбедност
- Надворешна и безбедносна политика/меѓународен развој
- Друго




Табела 5 – Во која област сметате дека сте најкомпетентни?

На испитаниците им беше дадена можност да изберат најмногу две генерални полиња во рамки на ова прашање. Најголем дел од испитаниците 28 (или 35%) својата експертиза ја имаат токму во областите поврзани со исполнувањето на политичките критериуми за членство на Република Македонија во ЕУ. Покрај тоа, оваа област ги вклучува и студиите кои се однесуваат општо (хоризонтално) за процесот на проширување и интеграција (т.н. Европски студии кои во природа се интердисциплинарни и вклучуваат елементи на политичка, економска и социјална интеграција). Овие членови понатаму не специјализирале за одредени секторски политики на ЕУ. Високото ниво на концентрација на експертиза во оваа област може да се оправда преку следниве фактични состојби кои се карактеристични за процесот на пристапување на РМ во ЕУ:

- Должината на самиот процес (кандидатски статус од 2005 година, процес на Партнерство за пристапување 2008 и 2009, препорака од Европската комисија за почеток на преговори – 2009, понатамошен фокус и следење на исполнувањето на политичките критериуми за кои имаше остри реакции во извештаите за напредокот на Република Македонија за 2010 и 2011 и Пристапниот дијалог на високо ниво – 2012 и 2013).

- Во 2009 и 2010 година особено се зголеми интересот и ресурсите за истражување и анализа на Поглавје 23 – Праводуство и фундаментални права и Поглавје 24 – Правда, слобода и безбедност како резултат на процесот на либерализација на визниот режим) по зголемениот притисок на Европската комисија (особено во Извештаите на ЕК во 2010 и 2011) и постојаното рециклирање на барањата кон Македонија во контекст на политичките критериуми (во рамки на паралелни

процеси иницирани кон Македонија, пр. ПДВН), експертизата и интересот кон политичките критериуми е повторно тренд. Доколку се земе 2012 и 2013 како пример, речиси и да нема тинк тенк кој е активна во следењето на европските процеси во РМ да нема став или позиција за некоја од темите опфатени со Пристапниот дијалог на високо ниво.

- Привлечност на политичките критеируми како тема за анализа (станува збор за следење и анализирање на поставеноста на политичкиот систем, владеење на правото, човекови права, меѓународни и билатерални односи, итн.) Доколку се анализира мисијата и визијата на најголем број на граѓански организации кои се фокусираат токму на истражување (т.н. тинк тенкови), јасно може да се утврди дека тежиштето во изминативе 10 години е токму на демократизацијата и европеизацијата на Република Македонија. Оттаму, самата фактичка ситуација создава побарувачка од истражувачи/аналитичари со познавање на политичките критериуми.
- Фокусот на секторските политики и усогласувањето со acquis се зголемуваше тогаш кога имаше конкретен импулс во процесот на

Оттаму, може да се заклучи дека **расположливата ЕУ експертиза во голема мера гравитира околу исполнувањето на политичките критериуми за членство во ЕУ.** Тоа секако може да се толкува како последица од должината на процесот и немањето на датум за почеток на преговори за членство. Како што покажуваат искуствата од другите кругови на проширување и промените кои се последица на процесот, се очекува овој тренд да се смени штом преговорите започнат. Преговорите нудат нови полиња на интерес и анализа. Меѓутоа, во ова проширувањње е сменета стратегијата, така што фокусот на владеење на правото, за разлика од претходните проширувања, ќе биде постојан, а преговорите за Поглавјата 23 и 24, поврзани со политичките критериуми, се отвораат први и се затвораат последни. Оттаму, експертизата за оваа област не само што ќе биде потребна во текот на целиот процес на пристапување, туку ќе биде неопходно таа да се продлабочува, особено што најчесто се работи за воспоставување и почитување меѓународни стандарди, примена на „меко право на Унијата“, како и на јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права.

Постои одредена експертиза се секторските политики на ЕУ (животна средина, земјоделство, транспорт, енергија, кохезиона политика, индустриска политика, информациско општество, заштита на потрошувачите. Една петина од испитаниците (20%) се изјансиле дека имаат компетенции во секторските политики. При анализа на структурата на испитаниците кои го одбрале ова, може да се заклучи дека најголем дел од нив работат или работеле на овие секторски политики во рамки на нивните институции

(државна/јавна администрација). 80% од нив се стипендисти на Владата на Република Македонија во периодот 2004-2009.

- Секторскиот пристап нуди акумулирање на соодветна експертиза за соодветна интерпретација на барањата што се наметнуваат во процесот на преговори за членство. Поради одредената експертиза, овие членови можат во голема мера да ги утврдат и одредениците на ЕК за почеток на преговорите за одредено поглавје од законодавството на ЕУ, да утврдат тековно ниво на усогласеност и да понудат решенија за нивно понатамошно унапредување. Квалитетот на спроведувањето на одредена ЕУ политика во РМ зависи токму од добро развиен секторски пристап и вградувањето на севкупното знаење за анализа на поглавјето.

- Пред почетокот на преговорите за членство, и особено во првата година додека трае аналитичкото оценување на Европската комисија за степенот на нормативно усогласување со политиките на ЕУ, државните институции, граѓанскиот сектор, академските институции и другите заинтересирани страни (стопански комори, синдикати, професионални асоцијации) треба да го преструктуираат сопствениот капацитет за анализа и застапување со цел да одговорат на предизвиците кои се наметнуваат од самиот процес на преговори. Широка платформа на соработка е потребна да се минимизираат и ризиците, особено комуникација со јавноста за придобивките и ризиците од примена на политиките на ЕУ.

- Голем дел од домашните тинк текови се свесни за значењето/потребата од секторски пристап, затоа во нивните програми одредени организации се обидуваат да ја насочат сопствената експертиза за одредени политики на ЕУ. Во тоа влегува домашниот фокус на секторите енергетика, животна средина, координирање на структурни механизми и регионална политика, заштита на потрошувачи.

- Меѓутоа, загрижува фактот што за земјоделската политика и руралниот развој, како и за безбедноста на храната недостасува експертиза.

Од анализираните податоци може да се заклучи дека **постои вградување на знаењето на ЕУ преку секторски пристап.** Со тоа се нуди посуштинска и подлабока анализа за тековните состојби и потребите од понатамошно унапредување на процесите на нормативно усогласување со ЕУ. **Меѓутоа, ако за одредени сектори постои одредена експертиза и интерес (енергетика, транспорт), за одредени сектори таква видно недостасува (земјоделство и рурален развој, безбедност на храната). Покрај тоа, потребно е да се навлезе на многу подлабоко ниво во секторските политики и од потесно определување на подрачјата за кои недостасува анализа.** Исто така, постои потреба од дополнително јакење на сопствените капацитети,

особено во пресрет на преговорите за членство кои во суштина создаваат побарувачка од секторски пристап за целосно искористување на знаењето за ЕУ.

Трета област по интерес, согласно спроведеното истражување, е областа на **Правда, слобода и безбедност – 13 (16%)**. Овој факт се сосема логичен/очекуван бидејќи темите кои се третираат во оваа област се сродни со политичките критериуми за членство во ЕУ, но и самиот процес на либерализација на визниот режим што создаде побарувачка од експертиза во оваа област (и во рамки на државните институции надлежни за овој процес, но и невладиниот сектор за следење на процесот на исполнување на сите одредници од Патоказот за визна либерализација).

- Од искуство со државните институции и невладиниот сектор, може да се укаже на фактот дека постои акумулирање на одредена експертиза во областа на правда, слобода и безбедност. Дел од членовите на мрежата имаат токму специјализирано во оваа област и актвно и директно биле вклучени во процесите поврзани со визната либерализација. Оваа тема беше дел и од Пристапниот дијалог на високо ниво.

- Од огромно значење е да се одржува високо ниво на експертиза и аналитичност во оваа област поради новиот пристап на Европската комисија во процесот на преговори. При почетокот на преговорите првите две поглавја кои ќе бидат отворени се Поглавје 23 – Правосудство и фундаментални права и Поглавје 24 – Правда, слобода и безбедност. Поглавјата нема да бидат затворени од страна на Комисијата се до склучувањето на Договорот за пристапување (што не било случај во другите кругови на проширување). Поради должината на процесот ќе треба паралелно да се работи на дополнително усовршување и градење на експертиза во оваа област. Покрај тоа, и во оваа област е неопходно е потесно да се определат подрачјата на експертиза.

Од анализата на податоците во оваа област може да се заклучи дека **релевантноста на одредена тема (визна либерализација и Пристапен дијалог на високо ниво) создава побарувачка од одреден тип на експертиза (и во државните институции и во невладиниот и академскиот сектор).** Иако во голема мера знаењето за ЕУ е вградено, постои простор за дополнително унапредување на знаењето за областите на правда и внатрешни работи. Ова е особено значајно бидејќи во оваа област се третира и приклучувањето кон Шенген зоната на ЕУ (што како процес бара високо ниво на подготвеност и дополнителна релевантна експертиза).

Покрај високата акумулација на експертиза во горенаведените три области, она што беше заклучено од спроведениот прашалник и анализа е **дефицитот на експертиза во областите што се однесуваат на економските критериуми и поглавјата од внатрешниот пазар на Унијата, економските и финансиски прашања**. 19% од испитаниците одговориле дека нивната работа и образование имаат директна врска со овие теми.

Постигнувањето на статус на функционална пазарна економија, иако дел од Пристапниот дијалог на високо ниво, оваа тема не создаде анимирање на експертиза. Доколку се анализира структурата на испитаниците, лицата кои одговориле дека поседуваат експертиза во економските критериуми работеле или работата на поглавја и теми од оваа област, нивната образовна позадина укажува на фактот дека најголем дел од нив се правници и помал на економисти. Од дополнителната анализа и спроведените интервјуа за утврдување на причините за ниското ниво на акумулирање на експертиза, беше утврдено дека **позадината на овој проблем не е дефицитот на економисти активни во овие области, туку нивното напуштање на државните институции и преминување во приватниот сектор**.

- Наспроти високото ниво на интерес на темите од политичките критериуми, економските критеруми и поглавјата од внатрешниот пазар на Унијата имаат пониско ниво на акумулирање на експертиза. Ретко кои од невладините организации и тинк тенковите кои имаат своја економска програма обезбедуваат врска со економските политиките на ЕУ. Нивото на истражувања и анализи кои се пласираат во јавноста е доста ниско.

- Процесот на преговори дополнително ќе создаде побарувачка од експертиза за економските поглавја. Ова станува доста актуелно и потребно поради тековните предизвици на Унијата и економската и финансиска криза. Не постои дебата за новите механизми на Унијата за фискален надзор, контрола на фискален и јавен долг, како и буџетската контрола (и други макро-економски параметри како на пр. Дефицит, инфлација, ниво на невработеност). Иако овие теми традиционално се сметале за ексклузивитет на земјите членки, новата реалност во Унијата наметнува на понатамошно унапредување на Економската и монетарна унија и редовно известување до Комисијата за тековните економски политики. Иако ПДВН како процес доста површно ги опфати економските критериуми, со сигурност може да се очекува дека потребата од ЕУ експертиза (особено економска анализа, економетрична анализа, проценка на трошок и влијание) која ќе придонесе кон успешно приклучување на земјата кон трендовите на ЕУ. Во периодот од 2005, ретко се дебатира за Претпристапната економска програма која ја подготвува

Владата на РМ и има директно влијание врз тоа како Комисијата ги оценува економските критериуми.

- Процесот на преговори и тековните трендови во ЕУ само ја зголемува потребата и побарувачката од овој тип на специјализирана експертиза. Државните институции вклучени во процесот на пристапување имаат потреба од понатамошно инвестирање и акумулирање на овој тип на знаење за ЕУ со цел успешно справување во процесот на преговори. Дополнителна мотивација на овој тип на кадар е од суштинско значење за квалитетот на процесот.

## Експертиза по поглавја на acquis на ЕУ

Анализата навлезе и подлабоко во согледување на постојната експертиза по поглавја. На испитаниците им беше дадена можност да одберат по 5 поглавја од *acquis на ЕУ* за кои ценат дека имаат релевантна експертиза и знаење, вклучувајќи ги и подрачјата од политичките и економските критериуми.

Со најголем број на одговори 28 и 25 (или околу 30% од испитаниците), најзастапени се темите на политичките критериуми (владеење на правото, судски систем, анти-корупциска политика и јавна администрација), како и човековите права (политички, граѓански, малцински). Веднаш по нив, со 13 и 11 одговори се Поглавје 23 – Правосудство и фундаментални права и Поглавје 24 – Правда, слобода и безбедност, како и Поглавје 25 – Наука и истражување со 10 одговори (или 19%). Според тоа, **околу 50% од расположливата експертиза е концентрирана во темите од политичките критериуми и поглавјата 23, 24 и 25.**

Понатаму ситуацијата драстично се менува. Поглавјата и подрачјата за кои може да се каже дека има с**редно ниво на експертиза** се следниве:

Подрачјето II.1 – Постоење на функционална пазарна економија во рамки на економските критериуми,

III.8. – Политика на конкуренција,

III.22 – Регионална политика и координација на структурни механизми

III.19 – Социјална политика

III.26 – Образование и наука

III.27 – Животна средина

Сепак, и оваа констатација треба да се земе со резерва, од неколку причини:

- Поглавјето Животна средина е толку обемно што за да се тврди дека има експертиза потребно е да се навлезе многу подлабоко, на ниво на подрачја.
- Во поглавјето социјална политика, интересот е фокусиран на антидискриминација и социјална инклузија, помалку на другите подрачја како што се работните односи, здравје и безбедност при работа, социјална заштита.

Во основните подрачја на внатрешниот пазар може да се констатира одредено декларирано ниво на експертиза:

| | | |
|---|---|---|
| III.1. Слободно движење на стоки | **4** | 2% |
| III.2. Слобода на движење за работниците | **3** | 1% |
| III.3. Право на основање и слобода на обезбедување услуги | **3** | 1% |
| III.6. Право на трговски друштва | **3** | 1% |
| III.8 Финансиски услуги | **2** | 1% |

Недостаток на експертиза може да се констатира во следниве поглавја:

| | | |
|---|---|---|
| III.4. Слободно движење на капиталот | **0** | 0% |
| III.5. Јавни набавки | **1** | 0% |
| III.10. Информатичко општество и медиуми | **1** | 0% |
| III.11.Земјоделска политика и рурален развој | 1 | 0% |
| III.12. Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика | 0 | 0% |
| III.16.Оданочување | 1 | 0% |
| III.18 Статистика | 0 | 0% |
| III.29 Царинска унија | 0 | 0% |

Делумно објаснување е што овие поглавја се третираат како премногу стручни и технички. Поради нивното значење и обем, треба да се алармира на потребата од насочување на експертиза во овие области.

## Причини за губење на постојната експертиза

Со цел да се утврдат причините за губење на експертизата, беа интервјуирани 10 млади експерти, од кои дури 9 го имаат напуштено претходното работно место во јавната администрација поврзано со ЕУ интеграција.

Прашани далу сѐ уште се во можност да го применуваат стекнатото знаење од работата во овие области на ЕУ, 8 одговорија негативно со идентичен одговор “Не, не сум на истото работно место”. Само двајца од испитаниците сеуште се активни во областите во кои претходно работеле.  Повеќе од одговорите упатуваат на следново “Голема причина за тоа што не сум на претходното место во државната администрација е тенденцијата која е присутна кај нас како експерти за ЕУ прашања на кои им се наметнуваат луѓе кои воопшто не се образовани во даденото поле на ЕУ тематика.”

Од добиените податоци може да се заклучи незадоволително ниво на институционална меморија и одлив на исклучително специјализиран кадар во суштински области значајни за процесот на пристапување.

Во контекст на причините кои испитаниците ги наведоа како клучни во нивното напуштање на претходните работни места, се истакнуваат следниве: мал дел од нив напуштиле работа за понатамошно доусовршување во странство; немање волја од страна на централните институции за понуда на соодветен ангажман по завршените студии; намален интензитет на процесот на пристапување и со тоа намалена мотивација за понатамошен ангажман во ЕУ политиките како и времетраењето на севкупниот интегративен процес; несоодветно понудено место за работа кое во никој случај не одговарало на завршените студии; најден понатамошен предизвик во други институции и академскиот сектор. Она што се исткана како најзастапен коментар е дека “не може млад експерт по ЕУ прашања само во Македонија да има статус на помлад соработник и тоа во период од неколку години, тоа е поразително за нас самите, особено за државата која укажува на фактот дека ЕУ интеграцијата е клучен приоритет”.

На прашањето за нивното лично искуство во вградувањето на знаењето за ЕУ од страна на институциите/организациите, испитаниците беа согласни дека во изминатава декада се создадени одредени механизми за искористување на знаењето, но станува збор за *ad hoc* инструменти кои зависат од личната волја и капацитет на раководителот на институцијата за нивно искористување. Беше посочен и проблемот со институционална/експертска меморија поради честите промени на клучните тимови и раководители во институциите. Проблемот е “што секој нов сака да почне од почеток, без да земе предвид она што е оставено во наследство”. Испитаниците ценат дека постои потреба од системски приод кон менаџирањето со расположливите ЕУ ресурси кој нема

да зависи од политичките промени во земјата. Како добар пример на вградувањето на знаењето за ЕУ беа посочени следниве:

- Подготовката на Прашалникот на Европската Комисија за подготовка на мислење по барањето на Република Македонија за членство во Европската Унија и добивањето на статус на земја кандидат за членство во ЕУ,
- Спроведувањето на клучните приоритети од Партнерството за пристапување и добивањето на препорака од страна на Европската комисија за почеток на преговорите за членство, и
- Спроведувањето на Патоказот за либерализација на визниот режим.

На прашањето за најчести причини за одлив на ЕУ експертиза надвор од државните институции/Република Македонија, испитаниците наведоа неколку клучни причини, и тоа: недостаток на можност за понатамошен професионален напредок и предолг ангажман на ниските позиции (се мисли на помлад соработник, соработник) во рамки на администрацијата; политизација на државната администрација и потребата сите нови раководители да почнуваат "од почеток"; незадоволство со системот на плати и бодување на трудот, неможноста за брзо напредување и позиционирањето на несоодветни кадри токму на области за кои постои огромна потреба од ЕУ експертиза. Должината на самиот процес и немањето на датум за почеток на преговорите беа посочени како дополнителни причини за намалување на иницијалниот ентузијазам и волја за волонтеризам и посветеност кон процесот на пристапување.

Покрај присутниот „одлив на експертиза", присутна е и појавата на „**застој во развојот на експертиза**". Многумина од експертите кои се вратиле по школувањето во странство, немале прилика понатаму да се доусовршуваат и специјализираат за одредено подрачје. Ова се толкува делумно како последица на застојот во самиот процес на пристапување, делумно со отсуството на јасна стратегија за јакнење на експертизата на расположивите човечки ресурси.

## Заклучоци:

1. И покрај тоа што анализата е спроведена во ограничен период и на одреден круг испитаници, таа е релевантна, со оглед на тоа што структурата на испитаниците е репрезентативна во поглед на разгледуваниот проблем.
2. Констатирано е дека највисок степен на експертиза постои во областа на политичките критериуми, како и поврзаните со нив Поглавје 23 - Правосудство и фундаментални права и 24 - Правда, слобода и безбедност.

   Експертизата во овие подрачја не само што не е излишна, туку капацитетот и натаму ќе треба да се зголемува, поради новата стратегија на проширување, која во целиот тек на преговорите става фокус на владеењето на правото.
3. Недостасува експертиза за економските критериуми, како и за најголем дел од поглавјата на *acquis,* особено.
   Неопходен е развој на експертиза во овие подрачја, според конкретно утврдени потреби на уште подетално ниво на .
4. Одливот на експертиза од администрацијата се должи на несоодветните политики на управување со човечки ресурси и политизацијата на јавната администрација.

   Овој тренд е неопходно итно да се смени, зашто сериозно го поткопува капацитетот на институциите.
5. Натамошни анализи би требало да се фокусираат на страната на „побарувачката“, како и на поконкретно утврдување на подрачјата кон кои треба да се насочи градењето на натамошна експертиза.
6. „Ставањето во погон“ на расположивата еспертиза за ЕУ стекната во странство подразбира повисоко ниво на транспарентност на процесот на интеграција, како и структуиран систем на консултации и на користење на надворешни локални експерти.